Друштво за секретарски преведувачки активности и услуги АД ВЕРБУМ ДОО
Бр: 0306-453
20.07 2021 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на член 9-д од Законот за воздухопловство („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/1, 31/16, 64/18 и 220/19), а во постапка по барање на АД ВЕРБУМ Уп.бр.08-316/2021 од 07.07.2021 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Тестовите од познавање на Англиски јазик согласно ICAO стандардите, а спроведени врз основа на TEA ТЕСТ на MYFLOWER COLLEGE овластени од UK CAA со сертификат UK FTO -0324, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија ќе ги признава како доказ за познавање на англиски јазик на персоналот во воздухопловството.

2. Тестирањата со TEA тестот во Република Северна Македонија ќе се спроведуваат во АД ВЕРБУМ,ул.Козле 39/1-9 1000 Скопје, врз основа на овластувањата од MYFLOWER на Наташа Мијат Крстевска за улога Examiner (interlocutor) и Елена Николовска за улога administrator.

3. Податоците за овластувањето со информации за контакт на АД Вербум да се објават на WEB страната на АЦВ.

**О б р а з л о ж е н и е**

АД ВЕРБУМ достави Барање за состанок со одговорни лица во АЦВ 03-481/1 од 18.05.2020 година, со цел да се запознаат со условите за стекнување на право за спроведување на тестирање на персонал во воздухопловството од познавање на англиски јазик по пат на TEA тест. На 26.05.2021 година во просториите на АЦВ е одржан состанок на кој присуствуваа, Драги Стојаноски - Раководител на сектор за воздушен сообраќај во АЦВ, Драган Китановски – Раководител на одделение за дозволи и уверенија во АЦВ како и Енкеледа Стефановска од страна на АД Вербум.

На наведениот состанок АД Вербум се информирани дека е потребно да достави до АЦВ докази дека MYFLOWER COLLEGE е овластен за спроведување на тестирање од познавање на англиски јазик со персонал во воздухопловството и дека има овластени лица во АД Вербум за спроведување на TEA Тестот.

Со барање за издавање на решение за сертифициран TEA тест центар Уп.08-316/2021 АД ВЕРБУМ ги достави наведените докази како и докази за, платена административна такса од 250 денари, платен надоместок за постапување на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Врз основа на наведеното АЦВ утврди дека АД Вербум се овластени од MYFLOWER COLLEGE за спроведување на TEA тест за тестирање на персонал во воздухопловството од познавање на англиски јазик согласно ICAO стандардите поради што донесе решение како во диспозитивот. Врз основа на горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

Решено во Агенцијата за цивилно воздухопловство на ден 08.07.2021 год. под. Уп.бр. 08-316/2021.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, незадоволната странка има право на судска заштита пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за дозволи и уверенија

По овластување на директорот на АЦВ
(решение број 02-50/1 од 13.01.2021 година)
Драган Китановски